# таки мино павловски

САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА. ОД 18.X. ДО 3.XI.1972. ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА ДЛУМ СКОПЈЕ







ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА ДЛУМ СКОПЈЕ 18. X. 1972 3. — XI. 1972 ИЗЛО

ОН НА ДЛУМ СКОПЈЕ 18. X. 1972

ЖБЕН САЛОН НА ДЛУМ СКОП

# ТАКИ МИНО ПАВЛОВСКИ

САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА

**ПАВЛОВСКИ МИНО ТАКИ** — роден 1939 година с. Желин — Егејска Македонија. Дипломирал на Академијата за применета уметност во Белград 1964 година
Самостојни изложби: 1970 — Скопје

Групни изложби:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1069 | год. | — Ферара — | Современа Македонска уметност |
| 1969 | „ | — Скопје — | 25 год. АСНОМ |
| 1970 | „ | — Скопје — | Моето сакано дело |
| 1970 | „ | — Загреб — | Изълоба на СЛУЈ |
| 1970 | „ | — Белград — | НОБ во делата на Југословенските ликовни уметници |
| 1971 | „ | — Скопје — | Нашето историско минато |
| 1971 | „ | — Струмица — | Струмичка ликовна колонија |
| 1971 | „ | — Скопје — | „ „ „ |
| 1972 | „ | — Румунија — | Современа македонска уметност |
| 1972 | „ | — Скопје — | Млада генерација |
| 1972 | „ | — Битола — | „ „ |

— На сите изложби во организација на ДЛУМ од 1967 година
Награди: Награда на Нова Македонија
— Адреса: Павловска Таки ул. „Партизанска“ 111 блок IV/I ателје 10 — Скопје

## СЕ СЛУЧУВА НЕШТО НА РАСПАЃЕТО ВО ПРОСТОРОТ

*„Ако ме ӣрашааӣ... шӣо сум сакал да речам во некоја ӣесна, одговарам, дека не сум сакал да речам, ӣуку сум сакал да создадам и дека намераӣа да создадам го сакала она шӣо сум го кажал"*

*Поп Валери*

Расчленувањето на противречностите во ова творештво ја открива загатката во него. Ги има многу, ги има и често. И тие ја чинат неговата привлечност.
Уметникот ја анализира анатомијата на современиот животен простор. При тоа манипулира со појми, а не со претстави. Тргнува од конкретното, доаѓа до апстрактното: поради метаморфозата на димензиите на времето, просторот, архитектурата. Појдува од објективни, универзални констелации, а останува да бдее над своите интимни сензации во склад со естетско-психичкнте предиспозиции. Од судирот на општоважечкото и индивидуалното е создадена крајна редукција на стварноста во фрагмент. Фрагмент како толкувач или претставник дури и отелотворување на целината, интегралноста. Покрај медитативното набљудување (и на општите и на сопствените дилеми), евидентно е и присуството на ефектите од визуелното доживување.
Почетните платна на Павловски се капат повеќе во разиграна поетичност, одошто во стварност. Потоа рационалната транскрипција на светот се чини понаметлива (1969/70). Во последниве две години лирските интервенции им се закануваат на просторно-композициските решенија и покрај сета нивна геометриска елементарност. Ова определување се чини ќе биде релевантно на идните авторови истражувања. Поголемиот дел на сликата е монохромен, статичен (бел, црн, матно-зелен, темно-костенлив), а останатиот е хроматски и композицнски разигран и динамичен. Во него се одвива главното дејствие. Во оваа двоиствена определба одново се сретнуваме со конфликт: конфликтот меѓу емотивното н рационалното. Независно од постоењето на сите конфликтни ситуации крајниот впечаток е сепак возбудлив и привлечна хармонија.
Доследноста на противречностите се однесува и на колоритот, растргнуван постојано од темните и светлите ефекти. Но во современиот живот, вриежот на конфликтите доживува максимална експанзија. Не засега сите, го засега и Павловски. Да го сфатиме ова како негов прилог, како негов протест.

Соња Абаџиева Димитрова

18.X.1972—3.XI.1972 * ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА ДЛУМ СКОПЈЕ

1. **Судбини, 1971**
   масло на платно, 100×80 см.
2. **Анализа, 1971**
   масло на платно, 59×60 см.
3. **Летна ноќ, — Сеќавања 1972**
   масло на платно, 84×59 см.
4. **Споменик на Револуцијата, 1971**
   масло на платно, 95×100 см.
5. **Проект за градба — почеток, 1972**
   масло на платно, 150×86 см.
6. **Патувања — Стоби, 1972**
   масло на платно, 150×72-5 см.
7. **Патувања — Македонија, 1970-1971**
   масло на платно, 101×71 см.
8. **Проекти, 1972**
   туш во боја
9. **Проекти, 1972**
   туш во боја
10. **Проекти, 1972**
    туш во боја
11. **Тој ден, 1971**
    масло на платно, 61×60 см.
12. **Запис, 1971**
    масло на платно, 40×36 см.
13. **Тотем, 1972**
    масло на платно, 50×41 см.
14. **Летна ноќ IV, 1971**
    масло на платно, 40×36 см.
15. **Предградие, 1972**
    масло на платно, 137×127 см.
16. **Пред денот II, 1972**
    масло на платно, 100×55 см.
17. **Денот заминува IX, 1972**
    масло на платно, 90×91 см.
18. **Раскажување за минатото, 1972**
    масло на платно, 153×181 см.
19. **Голем проект, 1972**
    масло на платно, 150×73 см.
20. **Денот заминува IV, 1972**
    масло на платно, 51×43 см.
21. **Објект VIII, 1972**
    масло на платно, 41×36 см.
22. **Урбан објект, 1971**
    масло на платно, 41×36 см.
23. **Предел I, 1972**
    масло на платно, 51×42 см.
24. **Желби, 1971**
    масло на платно, 40×35 см.